Преглед на онлајн презентација

Australian Government
Be Connected
Every Australian online.

# Побезбедно купување онлајн (преку интернет) – Издание на празничната сезона




Празничната сезона е напорен и често стресен период за многу Австралијци, бидејќи луѓето онлајн трошат повеќе време и пари за купување и планирање на празнични активности. Во тоа време и измамниците се зафатени со работа! Купувајте онлајн со сигурност, следејќи ги нашите безбедносни совети и уживајте во многуте придобивки што може да ги обезбеди интернетот.

## Совети за побезбедно онлајн купување

### Користете безбедни веб-страници и начини на плаќање

Пред да внесете лични податоци или детали за плаќање онлајн, проверете колку е безбедна веб-страницата. Побарајте го симболот со катанец покрај адресата на веб-страницата во лентата за адреси или URL што започнува со „https“ наместо со „http“. Ова може да значи дека страницата е побезбедна од другите сајтови.



Кога вршите плаќања онлајн, плаќајте за предмети само со користење на безбеден начин на плаќање како PayPal, BPay или со вашата кредитна картичка. Користењето кредитни картички може да го минимизира ризикот при онлајн купување бидејќи тие нудат дополнителна заштита и го олеснуваат враќањето на парите ако нешто тргне наопаку.

Никогаш не плаќајте со директни банкарски депозити, трансфери на пари или други методи (како на пример со однапред вчитана картичка или со Биткоин).

### Користете доверливи продавачи

Истражувајте ги веб-страниците за онлајн купување пред да купите и придржувајте се до добро познатите, доверливи продавници. Пребарајте оценки од други клиенти. Побарајте физичка адреса и/или телефонски број и обидете се да ги повикате за да видите дали некој ќе одговори.

### Прочитајте ги правилата и условите

Пред да купите нешто, прочитајте го ситно испишаниот текст вклучително за гаранција, враќање на парични средства, поплаки и ракување. Запознајте се со правилата на продавницата за откажување и враќање и дознајте ги клучните информации што можеби ќе ви требаат, како на пример, кој плаќа за поштарината за враќање, дали целосно ги враќаат паричните средства или даваат кредит за користење во продавницата и колку е долг периодот на враќање.

### Чувајте го вашиот уред безбеден и ажуриран

Користете силни лозинки и проверете дали се овозможени автоматските ажурирања на вашиот уред. Користете антивирусен софтвер како McAfee или Norton. Кога ќе се појави порака, инсталирајте или согласете се со ажурирањата на софтверот за вашиот оперативен систем и прелистувачите како што се Chrome, Firefox и Safari. Ова помага да се обезбеди подобра заштита од злонамерен софтвер (malware).




### Внимавајте на измамите при онлајн пазарење

Измамите при онлајн купување вклучуваат измамници кои се преправаат дека се легитимни онлајн продавачи, или со лажна веб-страница или со лажна реклама на вистинска веб-страница за малопродажба. Имајте на ум дека измамниците:

- често прифаќаат плаќање само во форма на парична упатница (money order), паричен трансфер, меѓународен трансфер на средства, однапред вчитана картичка или електронска валута како биткоин (Bitcoin)
- не даваат детали за контакт или имаат ограничени информации за испорака и други правила
- често продаваат стока по цени кои се премногу добри за да бидат вистинити
- често се многу нова онлајн продавница со многу малку оцени од клиенти
- често имаат лоши оцени (критики).

Најдобар начин да откриете лажен трговец или измама при онлајн купување на социјалните мрежи е да пребарувате оцени од купувачи пред да купите нешто.

## Измами на кои треба да внимавате

Измамниците го искористуваат времето кога луѓето се презафатени, па затоа се исплати да бидете внимателни и да барате знаци на измама.

### Измама за пропуштена испорака на пратка

Измамите за пропуштена испорака на пратка се обиди на измамници да ве измамат да верувате дека се од доверлива организација за испорака на пратки, за да ве натераат да дадете лични податоци како што се деталите за вашата кредитна картичка. Може да добиете имејл, текстуална порака или повик од измамник кој се преправа дека е од давател на услуги како Australia Post или FedEx, велејќи дека сте ја пропуштиле испораката и дека треба да платите надомест за повторно да ја испорачаат пратката или да ја чуваат во нивниот магацин. Алтернативно, тие може да побараат од вас да кликнете на прилог (attachment) или линк, што потоа ќе преземе вирус на вашиот компјутер.

### Како да се заштитите

- Ако не сте сигурни за пораката што сте ја примиле, јавете се во компанијата за испорака. Побарајте го нивниот број - не потпирајте се на деталите за контакт наведени во пораката бидејќи може да се лажни.
- Користете го бројот за следење на пратка (tracking number) што го дава продавницата за да ја следите вашата пратка, или преку нивната веб-страница или директно преку веб-страницата на компанијата за испорака.
- Не кликнувајте на линкови или не преземајте датотеки, особено ако тие се извршни (.exe) датотеки или zip (.zip) датотеки.

**Запомнете:** Службите за испорака на пратки ќе оставаат известување во вашето поштенско сандаче ако не можеле да ја испорачаат пратката. Тие никогаш нема да побараат плаќање за да ја задржат или повторно да ја доставаат вашата пратка.






## Измама со награда за патување

Измамите со награди за патување вклучуваат неочекуван имејл, писмо, текстуална порака или повик од измамник кој се обидува да ве измами да верувате дека сте добиле одмор или многу добра зделка за одмор, иако не сте се пријавиле за наградна игра.

Тогаш измамникот ќе побара од вас да платите надомест или да доставите финансиски детали или детали за идентитет, за да можете да ја побарате вашата награда.

### Како да се заштитите

- Не плаќајте надомест за да земете награда или парична добивка. Легитимните лотарии не бараат од вас да го направите ова.
- Никогаш не ги споделувајте деталите за вашата банковна или кредитна картичка или вашите лични документи со некој што не го познавате и не му верувате.
- Не кликнувајте на пораки што се јавуваат ненадејно (pop-up messages) на интернет кои велат дека сте добиле одмор или некоја друга награда - игнорирајте ги.
- Не наседнувајте на тактики со кои вршат притисок - ако чувствувате дека нешто не е во ред, прекинете го повикот или кажете им дека ви треба време да размислите за тоа.

# Има помош кога таа ви е потребна

Кога работите онлајн не одат според планираното, секогаш има некој со кој можете да разговарате.

1. Прво, контактирајте го онлајн продавачот или веб-страницата.
2. Ако не можете да го решите вашиот проблем директно со онлајн продавачот, вашата локална агенција за заштита на потрошувачите во државата или територијата (понекогаш наречена „consumer affairs“ или „fair trading“) може да ви обезбеди информации за вашите права и опции. Тие, исто така, можат да помогнат во преговорите за решение помеѓу вас и продавачот.
3. Ако се сомневате дека сте измамени:
   - Веднаш контактирајте со вашата банка или финансиска институција за да се запрат сите понатамошни исплати на измамникот.
   - Ако сте доживеале сајбер криминал (cybercrime) и сте изгубиле пари онлајн, можете тоа да го пријавите во полиција преку ReportCyber или посетете ја веб-страницата: cyber.gov.au
   - Ако сте загрижени дека вашите лични податоци биле изложени и злоупотребени, контактирајте ја Австралиската национална служба за поддршка на идентитет и сајбер безбедност (Australia’s national identity and cyber support service - IDCARE) на 1300 432 273 или idcare.org
   - Пријавете ја измамата во Националниот центар против измама (National Anti-Scam Centre) на scamwatch.gov.au/report-a-scam. Ова помага да се предупредат другите за тековните измами, да се следат трендовите и да се спречат измамите каде што тоа е можно.

**Совет:** Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи (Australian Competition and Consumer Commission) има алатка за писмо за жалби што можете да ја користите за да ви помогне да подготвите писмо или имејл до продавачот.

За да бидете во тек со најновите измами што треба да ги избегнувате, претплатете се за да добивате имејли за предупредување за измама.

# Одвојте време да дознаете повеќе за Be Connected




Be Connected е сеопфатна веб-страница со бесплатни материјали специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци безбедно да се поврзуваат онлајн и со сигурност да се движат низ дигиталниот свет. Веб-страницата е исто така корисна за семејствата и организациите во заедницата кои сакаат да им помогнат на постарите членови на заедницата да пристапат до сите придобивки на интернет.

**посетете ја веб-страницата beconnected.esafety.gov.au**

Australian Government | eSafety Commissioner

Ова програма ја подготви eSafety како дел од иницијативата Be Connected.